РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

Бр./Nr. 12-2442/2
10-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2442/1 од 14.07.2026 година, со наводи за сомневање за незаконско постапување на надлежни органи по поднесено Барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект (легализација) кој се наоѓа на КП бр. ----/1, КО ------ 5, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, поради тоа што постапуваат други надлежни органи, кои донеле одлука од своја надлежност во врска со предметниот случај.

Предметот со број 12-2442/1 од 14.07.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 17.07.2026 година е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на надлежните органи по поднесено Барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект (легализација) кој се наоѓа на КП бр. -----, КО ----- 5, заведена под број 12-2442/1 од 14.07.2026 година.
Во пријавата подносителот наведува дека поседува деловен објект, на ул. „-------“ 6б во -----, изграден на КП бр. -----, КО ---- 5, за кој во 2011 година до Општина ------ поднел барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект (легализација), согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти.
Во пријавата се наведува дека Градоначалникот на Општина ------- со Решение

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

УП1.бр.------ од 26.04.2012 година го одбил барањето за легализација, со образложение дека објектот е изграден во заштитниот појас на главен челичен цевковод, сопственост на ЈП „------“ – ------, за што ЈП „------“ дало негативно мислење.
Против наведеното решение подносителот изјавил жалба, која Министерството за транспорт и врски, со Решение УП2 бр.------- од 18.03.2025 година, ја уважило го поништило првостепеното решение и предметот го вратил на повторно одлучување пред првостепениот орган, укажувајќи на констатирани неправилности во постапката. Во повторената постапка, Градоначалникот на Општина ------ повторно се обратил до ЈП „------“ за мислење, при што повторно било дадено негативно мислење, поради што со Решение УП1.бр.------- од 16.04.2025 година повторно било одбиено барањето на подносителот. Против ова решение подносителот повторно изјавил жалба, која Министерството за транспорт и врски ја одбило како неоснована со Решение УП2 бр.------ од 28.11.2025 година.
Во образложението на Решението УП2 бр.------- од 28.11.2025 година, Министерството за транспорт и врски констатирало дека, постапувајќи по повторената постапка, првостепениот орган правилно постапил согласно член 18 став (6) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, повторно прибавувајќи согласност од ЈП „------“ – ------, кој дал негативно мислење по однос на барањето за легализација на бесправно изградените објекти на КП ------, со образложение дека предметниот објект е изграден над главниот челичен цевковод 5Ц-6 (914 mm), кој е под постојан притисок и од витално значење за индустријата. Министерството ги оценило наводите во жалбата на подносителот како неосновани и без правно значење за поинакво решавање на предметот.

Подносителот наведува дека одлуките на надлежните органи претставуваат селективно и дискриминаторско постапување, поради тоа што соседни објекти изградени на соседните катастарски парцели КП бр. ----- и КП бр. ------, во иста близина на предметниот цевковод, биле легализирани под исти услови, додека неговиот објект не бил легализиран..

По разгледувањето на предметните наводи и приложената документација, ДКСК утврди дека наводите во пријавата се однесуваат на постапки кои се водат пред други надлежни органи, кои постапиле и во рамките на своите законски надлежности донеле одлуки (решенија) (управна постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект (легализација), водена пред Општина ------, како првостепен орган, и Министерството за транспорт и врски на РСМ,

како второстепен орган, кои се надлежни органи согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Законот за општата управна постапка).

Постапката по барањето на подносителот е правосилно завршена со Решение УП2 бр.------ од 28.11.2025 година на Министерството за транспорт и врски, со кое жалбата на подносителот е одбиена како неоснована, при што подносителот има право на поведување управен спор пред Управниот суд на РСМ, доколку смета дека донесените управни акти се незаконити, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, поради тоа што постапуваат други надлежни органи – Општина ------ и Министерството за транспорт и врски, кои веќе се произнеле во врска со предметниот случај со конечни управни акти.

Врз основа на сето горенаведено, ДКСК утврди дека во пријавениот случај нема елементи за надлежно постапување, постапиле други надлежни органи, кои се произнеле, донеле одлуки (решенија) од своја надлежност во врска со предметниот случај, па оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата